МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 5 (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 декември 2025 година (среда)**

Петтата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 10 декември 2025 година (среда), со почеток во 16.30 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветановска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановскии, Ана Цветаноска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Претседателот на Советот, согласно член 18 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 5 (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот констатира дека на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на Советот, според што Советот на Општина Карпош може да расправа и полноважно да одлучува.

За денешната седница го предложува следниот дневен ред:

- Усвојување на оправданоста за свикување вонредна седница

ДНЕВЕН РЕД

**1.Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот ја повика Мирјана Ѓеорѓиевска од секторот финансии да ја образложи итноста за оваа седница

Збор зема Мирјана Ѓеорѓиевска да ја образложи итноста во Предлог – Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година се предлага да се извршат проширување и во приходниот и во расходниот дел на Буџетот.

Проширувањето се врши во колоната на **Блок дотации** во програмата Н1О - Основно образование во износ од **14.816.000 ,00** денари поради тоа што се обезбедени средства на приходно конто Блок дотација и средствата се наменети за исплата на електрична енергија и за централно греење во основното образование.

Врз основа на изнесеното предлага Советот на Општината да ја разгледа и да ја донесе – Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Претседателот ја стави на гласање стави оправданоста на гласање**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена оправданоста за свикување на 5 (вонредна) седница .**

**ТОЧКА 1 – Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот отвори расправа

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Збор зема членот на советот Добрила Андоновска со прашање до службите побара податок дали имаат увид кои училишта и колку должат за парно греење и електрична струја дали оваа блок дотација е врз основа на анализа која што е испратена како барања од училиштата?

Збор зема Мирјана Ѓеорѓиевска со одговор министерството за образование сами ја имаат пресметано сметката за парното греење и таа изнесува околу 6.000.000 денари или 7.000.0000 денари најчесто како сектор се јавуваат во БЕГ или ЕСМ и таму ги добиваат податоците. Ќе инсистираат парите до крајот на година да не се вратат со цел да се искористат бидејќи овој период е краток. Одлуката од денешната седница се испраќа следниот ден на вчитување, се прават финансиски планови и се известуваат основните училишта да ги направат вирмани за да можат во петок да ги исплатат.

**Бидејки никој друг не побара збор претседателот точката ја стави на гласање**

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е** усвоена Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 16.50 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-11690/3**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**